# RISK FACTORS AND NEGATIVE EFFECTS OF GLOBALIZATION

**Fani Kuzmanovska**
ECPD University, Belgrade, Kuzmanovska and associates Law office advokat@kuzmanovska.com

**Abstract:** We all witness the well-known, wildly ranged and well-established concept of globalization today. As common citizens, we take our actions without any conscious knowledge for the essence behand this wide spread ideal, thus very often without even knowing we contribute to its permanent growing flow. The question is inevitable, to what do we contribute? Behind the idea that sells, the products of the globalized world present vastly positive impact mostly concerning the economic growth, human wellbeing and flourishing lifestyle. Every conscious person is obliged to ask himself; **What is the crucial meaning behand the concept of globalization?** Throughout this short expose, I will make an effort to present the truth behand the imposed ideal as a mean for personal profit, as well as to point out the real perspectives concerning the negative effects as consequences of the globalized society.
**Keywords:** globalization, economic growth, human rights, the global paradox.

# ГЛОБАЛИЗАЦИЈА, РИЗИК ФАКТОРИ И НЕГАТИВНИ ЕФЕКТИ

**Фани Кузмановска**
ЕЦПД Универзитет, Белград, Србија, Адвокатска канцеларија Кузмановска
advokat@kuzmanovska.com

**Резиме:** Глобализацијата денеска е толку силно распространет „светски феномен“ дотаму што дури човекот и несвесно ги прифаќа таканаречените глобални трендови во креирањето на судовите за неговото постапување.
Креацијата на глобално општесто започна како масовна политика во позадина која завземајќи толку опсежен спектар на делување на некој начин создаде и своја свесност надвор од контролираните економски текови.
Зад себе носејќи бројни епитети најповеќе во однос на нејзиното позитивно влијание врз масовно придвижување на глобалниот економски раст и рапиден пораст на човековата благосостојба, за оние помалку по свесните го остави отворено прашањето позади нејзината суштина, Што всушност стои позади трендот на глобализацијата?
Со овој краток труд накратко ќе се обидам да ја доловам целта на глобалните текови како идеал креиран за реализација на поединечни интереси за профит, како и да ги истакнам морално – етичките и цивилизациските жртви зад концептот.
**Клучни зборови:** глобализација, светски економски текови, човекови права, парадоксот зад глобалните текови.

## КРАТКО ПОИМАЊЕ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА

Глобализација, глобален економски раст, трансфер на капитал, труд и знаење, одржлив развој, економии во пораст, миграција, размен на труд... и многу повеќе; сите овие се т.н. глобални светски трендови на развој во современите економски општества. Но што всушност подразбира глобализацијата? Светски тренд во пораст? Нов економски поредок? Унифициран систем на трговија? Национална асимилација? Новиот робовладетелски подвиг затскриен зад фино воспоставените цели за „подобар свет“?
Трендот на таканаречено отворено тргување со цел на поизразен пристап до поголеми пазари а со тоа и интезивирање на капиталните добра не е новина која би можеле да речеме дека датира од времето на веќе развиените модерни економски текови. Напротив, човечката потреба за акумулација на моќ преку капитал е стара колку и самото човештво.
Економската размена датира уште од времето на постоењето на старата цивилизација, преку изразената трговија на тогашните трговски центри – градови/држави, низ феудалната ера на парцијализирана автархија на феудалните посеви кон добро позната ера на индустриализација.
Трендот на отворен пазар и слободно тргување започна уште во периодот на развојот на бродоградбата, кога морепловењето дозволуваше преку океански пренос и тргување со добра, а продолжи со интензивниот развој во рамките на индустриското доба, кога транспортот и меѓудржавната комуникација беа олеснети како резултат на изградба на модерна инфраструктура.

Тенденцијата за максимизирањето на профитот преку зголемување на пласманот а низ тренд на што помала инвестиција, трговците тогаш а и денеска ги поттикнува постојано да експериментираат низ освојување на нови пазари.

Историски гледано, сосема разбирливо е дека различни ќе бидат економските трендови во период на да речеме на сеуште неоткриена Америка, и оние во еден денешен контекст на презаситеност на пазарите и експлоатираност на постоечките ресури. Имено, како би било појасно определено поимањето за трендот на глобален економски развој, денеска толку познат како глобализација, неизбежна е потребата од оваа кратка историска компарација како би се појаснил самиот почеток и идеата за истиот.

Вака започнатите развојни тенденции го забавија текот на експанзија за време на првата и втората светска војна и меѓу воениот и пост воениот период на значителна економска стагнација и пост воена репарација. (Големата депресија, Маршаловиот план, падот на Берлинскиот ѕид, распадот на СССР па до денеска.)

На економски план, двете светски војни различно се манифестираа кај секоја од земјите директни учеснички, а и сите останати кои директно не земаа учество, но го осетија пустошот на војувањето.

Следеше период на психолошко, политичко па и економско возобновување кое резултираше со потребата од меѓу државна толеранција и соработка како би се создале базично политички предуслови за економски развој во иднина.

Низ краткиот историски концепт се потрудив појасно да го доловам самиот почеток на денешниот тренд на масовна глобализација (во историски рамки секако многу поразличен од денес), во јадрото на неговото создавање, во идејата на човекот и основната човечка потреба за моќ преку контрола на круцијалните ресурси за човековата егзистенција.

Односно, имајќи го ова во предвид можеме слободно да евидентираме дека постојат неколку фактори кои се поттикнувачи, причинители за глобализацијата според денешното поимање:

- Човековата потреба за поголема моќ (што резултираше со неуморно трагање кон нови пазари и развој на производни капацитети во постојана трка за превласт и потреба за креирање на масовните трендови)
- Технолошкиот напредок (што резултираше со овозможување на стабилен транспорт)
- Овозможување на пристап до отворени пазари (како последица го имаше пласманот)
- Институционална промена (како на микро така и на макро економски план, се реализираше преку промена на ставовите на водечките структури во процесот на менаџирањето и генералното унифицирање на правилата за тргување преку креирање и учество во меѓународните организации и пристапувањето кон општо прифатените конвенции)
- Глобално – унифицирана идеологија (која подразбираше воспоставување на унифициран став за пазарно ориентирана економија, потенцирање на приватната сопственост, напуштање на социјалните економски трендови на општествено уредување и воспоставување на т.н. валутни политики.)
- Културно унифицирање (кое резултираше низ еднојазичен тренд на универзална комуникација, селектиран пласман на јавно достапната информација, унифицирани модни трендови... и сл.).

Заклучно, она што некогаш беше воена ера за територијална експанзија, токму поради потребата за ресурсна контрола над добрата, сега е пост воено глобално село на автархична доминација. Благо речено, зад поимите на отворен пазар, слободна трговија, економски одржлив развој, универзална монетарна политика, особено изразено низ странските директни инвестиции како обележје на модерните економски трендови, понатаму финансирање на земјите во развој и навидум прифатливите услови на кредитирање, сето ова под капата на универзалната идеологија за економска рамноправност и подобар свет, всушност е само фино презентирана динамика на непостоење, додека во заднина се креираат политиките на концентрирана власт и светска економија во полза на поединците.

Глобализацијата можеме да ја анализираме од аспект на повеќе сфери на денешното живеење, но она што е од клучно значение и е основната суштина на овој активен тренд е поставеноста на државите во целокупната економија, креирањето на економските политики и контролата на светките пазари.

За таа цел, накратко ќе се обидам да се произнесам по однос на неколку прашања кои ги сметам за зачително битни за оваа тема:

Глобални светски трендови, како истите влијаат на светската економија и формирањето на унифицирани пазарни модели?

Светската трговска организација, развоен промотор или концентрација на моќ за контрола и управување?

Колку глобалната „тренд – сет“ економска политика има етички оправдана позадина?

**ПОЛИТИКА НА ГЛОБАЛЕН РАЗВОЈ**

Независно од моите погоре поставени индивидуални ставови во поглед на светскиот тренд на глобализацијата, овој интензивно растечки процес продолжува независно да постои.

Она што сметам дека треба да биде истакнато е институционалната рамка која како продукт на глобализацијата неминовно беше воспоставена со цел да се така речено зауздаат брзо движечките ефекти на ново отворениот пазар. Потребата се наметна самата по себе.

Имено, самите фактори кои ја предизвикаа глобалната рамка на тргување (зголемена мобилност како резултат на инфраструктурна експанзија, достапност на дотогаш неосвоени пазари, забрзан технолошки развој, движењето на труд, зачетоците на трговијата со услуги...итн.), последователно подразбираше потреба од воспоставување на некакви меѓу државни односи со цел подобра интеракција помеѓу националните економии.

Она што првично беше клучно да биде спроведено, а во име на тенденцијата кон отварањето на пазарот, подразбираше потреба на државите да ги отворат вратите за слободен влез и трговија со увозни добра.

Идејата беше да се спуштат бариерите за увоз на добра (во смисла на увозни такси, даноци и акцизи), како би се отвориле големите економски пазари кон тргување со светот, така што би се овозможил влез на отворена врата на економиите на земјите во развој, што во крајна инстанца би резултирало со зголемување на БДП кај неразвиените и економиите во развој, што би довело до проток на капитал, отворање на нови работни места, зголемување на призводните капацитети, пораст на економијата, и првично поставената цел: намалување на нивото на сиромаштијата, обезбедувајќи на тој начин поправеден и социјално помалку оптеретен живот за поголем број од светската популација.

Во позадина на вака итерпретираниот идеал, всушност лежеше љубопитноста на големите развиени економии за освојување на светскиот пазар и алчноста за зголемување на сопствениот национален капитал.

Така, под капата на идејата „за подобар свет“ а во суштина водена од личната потреба од освојување на поголеми пазари, побрза репарација на сопствените пост воени економии, некаде на почетокот на 1940 година,

неколку од побогатите економии започнаа со неофицијално спуштање на бариерите за увоз на добра и трговување.

На тој начин, а како одговор на неуспешните преговори за креирање на Интернационална Трговска Организација (ИТО), на **3ти октомври 1947 година во Женева**, 23 земји го потпишаа договорот за воспоставување на универзални правила за тарифите и трговијата, попознат како **GATT (General Agreement on Tariffs and Trade)**. Договорот почна да се применува на 1ви Јануари 1948 година.

Потпишувањето на ваков мултилатерален договор подразбираше добра волја на големите економии за воспоставување на минимум фер правила на тргување. Но, она што следеше беше и причината за скептичноста на големите економски сили, процесот завзема масовни размери на глобална институционализација.

Последователно следеше се поголема експанзија и пристапување во членство на се повеќе земји членки во Токио, септември 1973 година (+ 102 земји пристапници), и кардиналното **формирање на Светската трговска организација, WTO ( World Trade Organization), со преговорите во Маракеш на 15ти април 1994 година**. СТО го завзема местото на ГАТТ, оставајќи простор за силен скептицизам кај големите економски сили во однос на институционализацијата на правилата за тргување, а најповеќе заради потребата од компромис со помалку развиените економии.

Скептицизмот во прифаќањето на воспоставувањето на една ваква институционална глобална рамка на тргување, кај движечките економски фактори, а особено САД, сметам дека беше резултат на фактот што за почеток:

- Ќе се **ограничи слободната волја на големите економии во креирање на пазарните политики**, на начин што ќе се даде право на глас на земјите во развој, на тој начин анулирајќи го капиталниот тоталитаризам,
- Понатаму, големите сили **ќе мора да се согласат на низа компромиси** кои претходно и не морале да ги направат, (иако и ова е дискутабилно, ќе биде подолу појаснето).
- Институционализирање на правилата на тргување ќе бидат **директен импакт за суверените национални политики** пресликани на глобално ниво, и најповеќе поради фактот што

- Ќе се **отвори пазарот за серозно конкурентните земји во развој** (Бразил, Индија, Кина...), што од аспект на глобална размена на добра би биле побројни и поконкурентни на светскиот пазар, поттиснувајќи ја на тој начин ултимативната надмоќ на сега за жал сеуште водечките САД.

## ДОХА ПРЕГОВАРАЧКА СЕСИЈА

Доха пеговарачката рунда започна во ноември 2001 година, како продолжение на неуспешниот обид за состанување во Сиетл 1999 година, кога иницијативата на СТО тогаш беше нападната од јавните демонстрации против глобалните текови, попознати како „борбата за Сиетл“.

Тенденцијата овој пат беше да се постигне согласност по однос на неколку клучни економски прашања кои ја засегаа меѓународната политика:

- **Отварање, либерализација на пазарот на труд и земјоделски производи**
- **Трговијата со услуги (GATS)**
- **Правата од интелектуална сопственост (TRIPS)**

За почеток, да се концентрираме на прашањето за либерализација на пазарот на труд и земјоделски производи, како примарно поставено.

Базичната интенција беше комплетно да се отворат пазарите и на развиените и на неразвиените земји заради слободен проток на работна сила и земјоделски производи, што ќе резултира со забрзан раст на економиите во развој и воспоставување на конкурентен производ на светскиот пазар, на тој начин овозможувајќи што побрзо

урамнотежување на нерамномерно распределената економска моќ на светскиот пазар, и воедно така речено, постигнување на капитален еквилибриум.

Но, дали вистински интенцијата на големите економии беше да се овозможи па дури и да се поттикне пазарен еквилибриум? Одговорот е едноставен, и токму поради фактот што потенцијално загрозувачките опонентни економии (Кина, Бразил, Индија) би бенефицирале од ваквите развојни тенденции, преговорите од Доха ги следеа неколку неуспешни рунди на преговори последователно, во Канкун 2003, Женева 2004, Париз 2005, Хонг Конг 2005, Женева 2006, Постдам 2007, Женева 2008.

Проблемот беше во предложената политика за смалување на кредитирањето во земјоделието кај развиените економии. Особено САД, преку еминентната аграрна реформа поддржана од конгресот.

Она што со ваквата политика во рамките на националната економија го направи конгресот, беше дека преку активни кредитирања во домашното земјоделие, средствата каматно се враќаа назад, притоа без да се овозможи проток и можност за развој на светскиот пазар; Конгресот преку аграрната политика всушност се само финансираше со инвестирање исклучиво во сопствената економија, изолирајќи ја можноста за фер тргување.

Последицата беше конкурентен производ за развиениот пазар и затварање на можноста за пласман на земјоделски производи за земјите во развој. Како резултат на ова, државата од буџетот финансираше веќе добро развиени аграрни капацитети, овозможувајќи со тоа патот на капиталот да се движи од сиромашните кон богатите, а не обратно.[212]

Зошто токму земјоделие? Логично е дека на тој начин се елиминира конкуренцијата и потенцијалната закана на земјите во развој каде што 75% од нивното население живее од рурално земјоделско производство.

Уште еден типичен пример за двонасочната селективна политика на САД, е политиката на така наречените „дампинг цени“ кои се применуваа под капата на заштита на фер тргување и антимонополизам. На тој начин беа воведени трифи – давачки за сите оние кои пласираа производи под нивната производна вредност. Ваквата навидум фер регулатива беше искористена за да се елиминира можноста на пласман на евтините агрокултурни продукти од јужно американските држави на равиениот пазар во САД.

## ЕТИЧКА И МОРАЛНА ОПРАВДАНОСТ НА ГЛОБАЛНИТЕ ТРЕНДОВИ

Она што на почетокотот почна како делување заради остварување на високо морална цел и врвен етички принцип за намалување на економската нееднаквост помеѓу државите, продолжи со дискурс на морално етички колапс во борба за превласт на штета на светската популација.

Вака изразено низ крупни зборови на воопштување, можеби и нема да го привлече вниманието на повеќемина, но презентирано низ низа примери ќе не фрапира од грозоморието на капиталната похлепа на сметка на хуманата интенција.

---

[212] Joseph E. Stglitz, Andrew Charlton, Fair trade for all: How trade can promote development, January 2005.

Морално етички би било да воспоставиме систем во кој ќе ја надоградуваме идејата за глобална еднаквост, да придонесеме за изградба на свет во кој сите имаат доволно, да придонесеме за услови на стабилен економски раст на секоја национална економија, и да го поддржиме трендот на раст на животниот стандард на поединецот.

Реалноста е дека не сме ни блиску до саканата цел, ниту пак дека оваа е целта посакувана од повеќето водечки светски фактори.

Трендот на глобализација, како што и погоре напоменав наметна масовно слевање и контрола на капиталот во рацете на поедини структури (корпорациски магнати), на сметка на значително обезличен животен стандард на масовната популација.

Во поразвиените економии глобалните трендови наметнаа унифицирани модели на однесување, стандардизирани животни текови и вредности креирани преку масовната распространетост на мас медиумите. Модерните трендови во развиените општества подразбираат 24 часа работно време, недоволен простор за лична интервенција и опсег на критичка мисла, со тоа на лесен начин зауздувајќи ги пошироките маси од свесноста за реалната ситуација, на тој начин елиминирајќи го ризикот за евентуална побуна. Во поразвиените економии од популацијата глобализацијата произведе зомби структури без тенденција за критичка мисла, насочени исклучиво кон конформистички пристап и став дека е подобро да се земе она што денот го понудил за лична сатисфакција на сметка на потребата од индивидуална интервенција за промена на овој комплетно деволутивен глобален тренд.

Од другата страна на светот пак, глобалните трендови на тргување населението го доведоа во состојба на модерно робство. Масовната експлоатација на трудот во земјите од третиот свет, па и оние со помалку развиени економии ги доведоа едни од нај богатите земји со ресурсен капацитет (Бразил, Кина, Индија, Русија), да бидат осиромашени до степен на потребата да работат срećно за минимален придонес во име на светските корпоративни мангани.

Од друга страна пак истите тие, користејќи ја својата позиција на надмоќ секојдневно вршат брутализација на запосленото население без минимум стандарди и нормирања кои гарантираат барем и основна заштита на човековите права.

Трендот е следниот, производството на добра ќе го алоцираме во неразвиените економии каде што под минимум стандардизација ќе воведеме фасцинантен режим на експолатација на работа сила за производство на одредено добро, за истата таа цел воопшто морално незасегнати ќе тортурираме малолетни деца и жени кои во име на корпоративен пораст деноноќно ќе произведуваат во застрашувачки услови, за да можеме истото тоа добро произведено по минимум влог на производство да го пласираме на пазарот на развиените земји, каде што креиравме еднонасочна мисла за егоистичен бенефит и како резултат на оваа вградена човечка психологија, така произведеното добро ќе го пласираме и продадеме за можеби и 100 пати повеќе од цената на прозводство. Капиталниот прилив е во името на корпоративната автархична мрежа, и тоа ни повеќе ни помалце заради одржување на моќта за креирање на светската политика заради одржување на оваа можност на масовна дехуманизација.

Понатаму, затварањето на можноста за конкурентност на пазарот на фармацевтската индустрија, фармацевтски конгломерати одговорни за стотици илјадници изгубени животи за сметка на сопствен примат во индустријата, масовното распространување на вештачки произведени болести заради лансирање на пакет лекови за пораст на капитален проток, сето ова како глобален брзо растечки тренд треба да го прифатиме како морално етички оправдан модел на макијавелева политика?

Вештачки предизвикани војни заради заработка во масс медиуми индустријата за да се продолжи со контрола на јавното мислење?

Водење на војни и милиони изгубени животи како резултат на примат врз нафтената индустрија. Илјадници незадолжени граѓани на светот кои секојдневно страдаат како резултат на толку фаворизираните глобални светски трендови?

Дали сето ова е доволно самото по себе за да ја прифатиме потребата од свесно резонирање и активно делување на сметка на потребата од драстична промена во тековните политики и важечките економски трендови.

Прашањето е зошто овие глобални проблеми би ја засегале економската јавност, кога истите би требало да се решаваат на ниво на нациналнi политички режими? Едноставно затоа што неправилната алокација на ресурси и капитал на глобано ниво како еконмски проблем е главниот индикатор на горе наведените ахумани трендови.

Светската деструктивност го достигна оној степен кога и самите капиталисти предупредуваат на потребата од обратен тек на настаните. Политичката лицемерност на веле силите е неизбежна а дехуманизацијата на

корпоративните конгломерати репулсивна и иритирачка до степен на поттикнување на контра насилнички движења и активен развој на тероризмот.

Актуелните глобални трендови изградија социјална психологија која наместо да го насочи вредносниот часовник кон веќе добро познатите премиси за социјална правда, хуман пристап и глобален просперитет, психологијата на масата се претвори во егоцентричен ураган за масовна девијација на основната хумана перцепција.

**Морално етичката дискрепанца е очигледна, прашањето што останува е дали се има доволно добра волја за да се иницира правилно усмерена промена?**

## НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

Меѓународната економска политика е сериозно опширна тема која бара сериозни предзнаења од низа области како би можела правилно да биде обработена.

Далеку од тоа е дека еден академски труд е доволен да се осврнеме на сите клучни фактори и прашања по повод креирањето на светските економски текови.

Она што се потрудив да го направам е сумарно да го приложам историскиот тек на настаните и врзаноста на актуелните економски промени со клучните историски настани. Идејата беше да се осврнам кон поимот на глобализација во суштината на нејзината примена и низ конкретни примери да осврнам на дејството на овој актуелен тренд на денешницата.

Можеби несоодветно за една економска тема, но потребата од морално произнесување кон горе опишаните економски трендови се наметна самото по себе и тоа повеќе како контра офанзива на лицемерната економса политика актуелна за денешниот современ поредок.

Сумирајќи го сето од горе наведеното, сакам да напоменам дека затварањето на темата би сакала да го искористам за да ја потенцирам битноста на поединечната психологија во однос на креирањето на јавната политика.

Она што сакам да го посочам е дека иако толку опширно пристапуваме кон анализа и проучување на сите политички и економски прашања, не треба да заборавиме дека во суштина секоја иницијатива и секој направен чекор е во основа човечки. Затоа, од енормно значење е одлучувањето за овие глобални прашања да биде предмет на делување помеѓу луѓе а не интереси.

Неопходно е, а особено во свет на отворен достап на информации и знаења да почнеме да размислуваме на нешто повисоко ниво од она предводено од базичниот психолошки импулс за предаторска доминација. Единствено и само на тој начин преку правилно канализирање на акумулираните сознанија ќе можеме да постигнеме оптимална социјална правда, и да кажеме дека сме тргнале на патот кон обезбедување на минимален животен стандард на ниво на светска популација. Проблемот е едноставен, прашањето лежи единствено во добрата волја за правилна алокација.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

[1] International Relations – integration and globalization; ECPD, Belgrade, 2016.
[2] Ethics, Market and government failure, and globalization; J.Stiglitz; paper presented to the Vatican Conference, May 2003.
[3] Globalism's discontents, Joseph Stiglitz; American Prospect, January 2002.
[4] Fair trade for all: how trade can promote development; Joseph E. Stiglitz, 2006.
[5] Globalization and international trade, spot.colorado.edu.
[6] Democratic and capital transitions in Eastern Europe, lesion for the social sciences, edited by Michel Dobry; Kluwer Academic publisher.
[7] Critical Theories, international relations and anti – globalization movement, the politics of global resistance; edited by Catherine Eschle and Bice Maiguashca, Routledge, 2005.
[8] Babylon and Beyond, the economics of anti -capitalist, anti-globalist movements; Derek Wall, Pluto Press 2005.
[9] The clash of globalization; Ray Kiely, Brill, Leiden, Boston, 2005.
[10] Politics and Society, Marino Regini, Sage, 2011.
[11] On the wrong side of globalization, Joseph E, Stiglitz, New York Times, 2014.
[12] International Handbook on the Economics of integration, Isidora Ljumovic, Economic Institute, Belgrade, Serbia.
[13] The overselling of globalization, Joseph Stiglitz.
[14] Ekonomija na nesovrseniot svet, esei vo cest na Joseph Stiglitz, uredeno od Richard Arnott, Bruce Greenwald, Ravi Kanbur, Barry Nalebuff; Ars Lamina, Skopje 2011.

[15] Globalizacija I biznis, John D. daniels, Lee H. Radebaw, Daniel P. Sallivan, Ars Lamina Skopje, 2011.
[16] Analiza na globalnata politicka ekonomija, Endrew Walter, Gotahm Sen, Ars Lamina, skopje, 2010.
[17] Tranzicija I globalizacija - zbornik radova, Dr. Budimir Lazovic, Institut za medzunarodnu politiku I privredu, Beograd 2001.
**[18]** Globalization for development – the international trade perspective, UN, New York and Geneva 2008.